СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

ул. Антон Попов бр.1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 03-166/1
14.02.2019 година, Скопје

**Од:**
Претседател на собрание на Стоматолошка комора на Македонија
Д-р Оливер Манасиев
**До:**
Д-р Дафина Богеска, делегат во Собрание на СКМ и претседател на РО Прилеп

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

По увидот во јавниот натпис на социјалните мрежи, објавен лично од д-р Дафина Богеска, поврзан со последната собраниска седница одржана на ден 26.12.2018 година, со кој д-р Дафина Богеска тврди дека станува збор за седница на која делегатите биле замолчувани, не им се давало право на збор, а особено во однос на тоа дека не се почитувале донесените одлуки, како претседател на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија ја известувам докторката која воедно е делегат во Собранието и претседател на РО Прилеп, да за сите овие јавно објавени тврдења достави докази или во спротивно во писмен допис да даде јавно извинување во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на ова Известување, за објавување на натпис со кој максимално го навредува Собранието како највисок орган на управување и одлучување во Стоматолошката комора на Македонија, орган во кој сите делегати имаат подеднакви права, орган на чија последна седница (и седниците претходно) токму д-р Дафина Богеска имаше повеќе пати земено збор, што и записнички е забележано (видно и од собраниската снимка) и е орган во кој секогаш согласно Деловникот за работа на Собранието одлуките се носеле со мнозинство од присутниот број делегати и истите се полноважни.

Во исто време, како претседател на Собрание на СКМ, ја потсетувам докторката дека согласно Деловникот за работа на Собранието на СКМ, особено врз основа на член 39 од истиот, членот на Собранието е должен да го почитува Статутот на СКМ, одредбите на Деловникот за работа на Собранието како и Одлуките што ги донело Собранието, независно од тоа дали членот бил за или против одредена одлука, додека пак врз основа на член 53 од Етичкиот кодекс на Комората, за доктор стоматолог е НЕДОСТОЈНО озборувањето, омаложувањето, неоснована и лаички во ЈАВНОСТА искажана критика за колегата доктор и за соработниците или претпоставените на различни нивоа,дотолку повеќе што "омаложувањето" за кое се тврди НЕ БИЛО искажано од собраниска говорница,за што постојат записи од истата.

И за крај, дали некој кој преку Комората инсистира да биде спроведена само нему и на неколкумина лична желба и истуркани на "мала врата и на сила" одредени барања, а доколку не успее во истата намера ќе ги обвинува телата и органите на истата,и ќе тврди дека делувањето преку Комората е невозможно,би било фер да го отстапи местото на тие што своите идеи и расмислувања ќе ги реализираат преку активности во самата комора.

Скопје, 14.02.2019 година

Претседател на Собрание на СКМ